# АУЕ - ФОН

## Факултет за економски науки

**Извештај**

**за работата на деканот на**

# ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

за 2023/24 година

**Скопје, Ноември 2024 година**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД .......... 3

2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ .......... 5

2.1. РАБОТА НА ННС .......... 6

2.2. РАБОТА НА ПОСТОЈНИТЕ КОМИСИ ФОРМИРАНИ ОД ННС .......... 6

2.3. УПИС НА СТУДЕНТИ ВО ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС .......... 8

3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР .......... 9

3.1. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР .......... 9

3.2. ПОКРИЕНОСТ НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ СО НАСТАВНИЦИ .......... 10

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ .......... 12

4.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ДОДИПЛОМСКИ И ПОСДИПЛОМСКИ СТУДИИ .......... 12

4.2. ФОРМИ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И МЕТОДИ НА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО .......... 14

5. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА .......... 16

6. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ .......... 18

6.1. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И ПОКРИЕНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ СО УЧЕБНИЦИ И УЧЕБНИ ПОМАГАЛА .......... 18

6.2. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, НАУЧНИ СОБИРИ И СЕМИНАРИ .......... 18

6.3. ОРГАНИЗИРАНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ СОБИРИ .......... 18

ЗАКЛУЧОК .......... 19

# 1. ВОВЕД

Врз основа на член 114 алинеа (5) од Законот за високо образование (Службен весник на РМ, 82/2018), деканот на Факултетот за економски науки до ННС и ректорот на АУЕ-ФОН универзитетот доставува Извештај за својата работа за претходната школска година. Согласно регулативата тоа се прави најмалку еднаш годишно.

Во својот Извешај за работа деканот дава оценка за работата и за нивото на реализација на сите релеватни активности на Факултетот, а особено на остварувањето на следните цели:

- краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес и научно-истражувачката работа во Факултетот, како и нивното меѓусебно влијание;
- анализа на добрите и слабите страни на Факултетот, и
- оценка за успешноста на работата на деканот како огран на раководење на Факултетот.

Надлежните на деканот во процесот на управување и функционирање на Факултетот се прецизирани со нормативните акти на Факултетот, а согласно Законот за високото образование. Со тоа со обезбедува организација на работата којашто дава feedback за степенот на реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес клучна е улогата на деканот на Факултетот којшто ја насочува, координира и следи реализацијата при извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, а за што е одговорен пред Наставно-научниот совет, АУЕ-ФОН Универзитетот и Министерството за образование и наука.

Имено, Факултетот прави силни и конкретни чекори во насока на подобра организација и поголема одговорност во реализацијата на наставно-образовниот процес.

Конкретно, воспоставени се процедури и механизми коишто овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

- изработка на програма за работа на деканот и поднесување извештај за степенот на нејзината реализација;

- изработка на годишен извештај за работа на наставниците и соработниците за извршување на тековните обврски како и континуирано следење на постигнатиот успех на студентите, со што е воспоставен соодветен систем на информирање и координирање на активностите;
- секојдневна координација и насочување на работата на факултетот согласно законот и актите на универзитетот.

## 2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ

Факултетот за економски науки од своето основање се стреми кон континуирано остварување на повисоки развојни цели и тој процес е постојана грижа на сите негови наставници и соработници. Овој процес во себе инкорпорира континуирани промени во сите сегменти на организацијата и работењето на Факултетот, и тоа:

- постојана грижа за постојните студиски и предметни програми на додипломските студии;
- подготвка на нови наставни програми;
- реализирани се вложувања во однос на просторните услови за студирање на АУЕ-ФОН Универзитетот;
- континуирано се следи организацијата на наставата и вежбите, и изведувањето на испитите преку доследно почитување на распоредите, ангажирањето на наставниците, организирање на работата во помали групи и сл.
- иновирање на сајтот на АУЕ-ФОН универзитетот согласно новиот закон на којшто студентите можат да ги најдат сите информации за студиските и предметните програми, распореди на наставата и вежбите; информации за континуираната проверка на знаењата и информации за основната и поширокaта литература;
- соработката со стопанството врз основа на заедничката потреба и интерес.

Во наредниот период ќе се интензивира процесот на промени во насока на што побрзо и поуспешно остварување на дефинираните стратегиски правци на развојот на Факултетот.

Преземените активности и значајните реформи коишто се спроведени во АУЕ-ФОН Универзитетот во изминатиот период, имаат позитивно влијание врз подобрувањето на квалитетот и физиономирањето на наставните планови и програми на додипломските, специјалистичките и последипломските студии на Факултетот за економски науки.

Во изминатата година се остваруваше работата на акредитираните програми од 2022 година согласно добиените решенија за акредитација за додипломски, специјалистички и магистерски студии по Деловна економија со три насоки, како и наставни програми за додипломски, специјалистички и магистерски студии по Спортски менаџмент.

## 2.1. РАБОТА НА ННС

Во рамките на факултетот, Наставно научниот совет како орган на факултетот согласно Законот за високо образование и Статутот на АУЕ-ФОН универзитетот во учебната 2023/2024 година одржуваше седници во редовна месечна динамика но и со побрза динамика согласно потребите за работењето на факултетот и потребите за одржување на наставниот процес и административните обврски согласно законите и актите според кои се раководи во својата работа.

Работата на ННС се одвиваше во врска со:

-потребите за распределбата на наставните обврски и предмети на наставниците и соработниците;

-извршување на обврските за избор во звања на наставниците и соработниците;

-постапките на пријавување, одобрување, рецензирање и прифаќање на магистерските и специјалистичките трудови и дипломските работи на студентите од прв и втор циклус;

-утврдување на распоредите за настава и испити;

-донесување на акти и одлуки што се потребни согласно регулативата;

-давање мислења и заземање на ставови во врска со актите и одлуките што согласно регулативата се носат на ниво на универзитет;

-редовно информирање за работата и одлуките на ректорската управа и сенатот на универзитетот;

-припрема и донесување на нови студиски програми и

-други прашања.

Седниците на ННС редовно се одржуваа со присуство на повеќе од 2/3 од наставниците, а најчесто и во полн состав.

## 2.2. РАБОТА НА ПОСТОЈНИТЕ КОМИСИ ФОРМИРАНИ ОД ННС

### *2.2.1. <u>Работата на Комисијата за евалуација на факултетот</u>*

Во рамките на своите надлежности комисијата ја извршуваше својата работа навремено и квалитетно, согласно ЗВО и актите на АУЕ-ФОН. Евалуацијата се изврши во

| Прашање | Просечна оценка |
|---|---|
| 1. Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата | **4,69** |
| 2. Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето | **4,75** |
| 3. Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен | **4,71** |
| 4. Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата. | **4,74** |
| 5. Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации. | **4,68** |
| 6. Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна. | **4,75** |
| 7. Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите. | **4,76** |
| 8. Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. | **4,71** |

одредените со актите термини, а резултатите се достапни и јавно објавени (Види табела 1).

Табела 1. Просечна оценка на студентите на ниво на факултет за реализација на предавањата и вежбите

Од податоците за евалуацијата од студентите на Факултетот за економски науки при Првиот приватен ФОН Универзитет – Скопје, (сега АУЕ-ФОН), може да се извлечат следните заклучоци:

А. Најниска просечна оцена на Факултетот за економски науки е добиена на прашањето под број 1 Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата и изнесува 4,69.

Б. Највисока просечна оцена на Факултетот за економски науки е добиена на прашањето под број 2 Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето и изнесува 4,75.

*2.2.2. Работа на Комисијата за признавање на испити*

Комисијата редовно ги извршуваше своите утврдени работни задачи и со тоа овозможи редовен проток и упис на студентите што како трансферни се запишуваа на студии на нашиот универзитет и факултет, завршувајќи ги навремено своите активности.

## 2.3. УПИС НА СТУДЕНТИ ВО ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС

Во учебната 2023/2024 година вкупниот број на студенти на Факултетот за економски науки изнесува 112 студент, од кои 76 студенти во I циклус на студии и 36 студенти во II циклус на студии. Види табела 2.

Табела 2. Број на запишани студенти во школската 2023/2024 во однос на 2022/23 година

| | Прв циклус | Специјалистички студии | Магистерски студии | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2023/24 | 41 | 7 | 10 | 58 |
| 2022/23 | 76 | 19 | 17 | 112 |

Вредно е да се напомене дека просечната школарина во школската 2023/2024 во однос на 2022/23 година е зголемена за околу 60%.

## 3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

### 3.1. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Факултетот за економски науки во учебната 2023/2024 својата дејност ја извршуваше со 1 професор емеритус, 4 редовни професори, 6 вонредни професори и 2 доценти. Види табела 3. Покрај наставниците од ФЕН во наставата во тековниот период беа ангажирани 10 наставници од другите факултети при АУЕ-ФОН Универзитетот.

Табела 3. Наставници и соработници со полно работно време според возраст во 2023/24

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти |
|---|---|---|---|
| 25-35 | | | |
| 36-45 | 2 | 3 | 2 |
| 46-55 | 2 | 3 | |
| 56-65 | | | |
| 66-75 | | | |

Во поглед на ефикасноста на организацијата и внатрешната комуникација во рамки на Факултетот – можеме да се истакне дека во координација на деканот со наставниците и со ННС како орган и во оваа учебна година сè функционираше без некакви значајни потешкотии и забелешки.

Во поглед на кадровската политика – предвидено беше и реализирано распишување на конкурс за избор/реизбор на наставници, еразмус мобилности и сл. Исто така – ги поддржуваме пост-дипломските и докторските студии на соработниците и сите други облици на доусовршување.

Секој предметен наставник е задолжен да врши соодветни промени и усовршувања на предментната програма, согласно со достигнувањата во развојот на научната мисла и да ги инкорпорира новите сознанија и научни дострели во содржината на научната дисциплина. Освен тоа, на почетокот од секоја академска година наставниците имаат обврска да ја достават содржината на предметната програма со нејзин краток опис, и да приложат список на основна, односно задолжителна и дополнителна литература за учење.

Во поглед на планираните и реализираните активности – целокупната наставна активност е реализирана според планот.

Факултетот располага со одлични услови за работа во поглед на задоволување на сите дидактички стандарди за остварување и на вториот циклус на студии.

Постојната структура на наставничкиот и соработничкиот кадар овозможува реализација на наставата на Факултетот за економски науки, но истата треба да се надополни со нови наставници и соработници.

Постои потреба за перманентата грижа на Факултетот за економски науки и АУЕ-ФОН универзитетот за научно усовршување на кадарот, како и вработување на нови професори кои во досегашната нивна пракса се потврдиле како одлични научници и наставници. Тоа особено се однесува на професорскиот кадар за определени специјализирани студиски програми.

Наставата на последипломските студии на сите насоки се покриваше од вработените наставници на Факултетот и Универзитетот.

## 3.2. ПОКРИЕНОСТ НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ СО НАСТАВНИЦИ

Анализата во однос на покриеноста на наставните дисциплини со наставен кадар покажува дека на Факултетот имаше ангажирано 12 наставници од Факултетот за економски науки, 10 наставници од другите факултети на АУЕ-ФОН, односно 21 наставник во постојан работен однос на АУЕ-ФОН Универзитетот и 1 професор емеритус.

Што се однесува до ангажираноста на наставниците во наставно-образовниот процес, може да се заклучи дека поголем дел од наставниците се ангажирани на најмалку 8 наставни дисциплини на матичниот факултет или на другите факултети при АУЕ-ФОН Универзитетот, при што доаѓа до израз рамномерната, но и големата оптовареност на наставниот кадар со работни обврски. Од прикажаното воочливо е дека доминантно предметите се покриени од професори редовно вработени на Универзитетот. На наставните дисциплини каде што нема соработници или демостратори, се ангажираат наставниците на предметот да ги реализираат и вежбите.

Што се однесува до соодветноста на научната област на наставните дисциплини застапени на студиските програми на Факултетот со научната област во која е избран предметниот наставник може да се констатира дека наставните предмети се соодветно потполнети.

Административно-техничкиот персонал при АУЕ-ФОН Универзитетот овозможува нормално и континуирано извршување на овој вид активности во функција на реализирање на наставно-образовниот процес.

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ДОДИПЛОМСКИ И ПОСДИПЛОМСКИ СТУДИИ

Факултетот за економски науки според добиената акредитација во учебната 2023/24 има право да организира настава на додипломски студии и тоа на следниве студиски програми:

- Прв циклус на студии по студиските програми:

- Деловна економија (со насоките Финансии, Бизнис менаџмент, Маркетинг) и
- Спортски менаџмент,

кои траат 8 семестри со 240 кредити;

-Втор циклус на специјалистички студии по:

- Деловна економија (со три насоки Финансии, Бизнис менаџмент, Маркетинг) и
- Спортски менаџмент

4-та година што траат 2 семестри со 60 кредити; и

-Втор циклус на последипломски студии – магистерски студии како втор циклус на студии кои трааат 2 семестри со вкупно 60 кредити и тоа на следниве четири студиски програми:

- Деловна економија (со насоките Финансии и банкарство, Бизнис менаџмент, Маркетинг) и
- Спортски менаџмент.

Целта на овие студии е едуцирање на стручни кадри од различни области на економијата и менаџментот, при што, низ студиските програми, е воспоставен спој меѓу дисциплините коишто нудат основни знаења, од една страна, и стручни знаења и специјализирани знаења, коишто го дефинираат конкретниот профил на едуцираниот кадар, од друга страна.

Во тој контекст, при креирањето и реализацијата на студиските програми, исто така е водено сметка за потребите на пазарот на сручни кадри во државата и неговата апсорпциска моќ.

Низ содржините на додипломските студии се опфатени, помалку или повеќе, во зависност од насоката, теоретските и стручните проблеми од економијата и менаџментот. Во оваа смисла, кај определени наставни предмети се акцентира потребата од стекнување знаења за работењето на деловните субјекти и за функционирањето на поодделните сегменти на стопанството, а со цел нивна поголема ефикасност како претпоставка за зголемена ефикасност на целиот макроекономски систем.

Целта на последипломските студии е едуцирање на стручни кадри од различни области на економијата и менаџментот, при што, со помош на овие студиски програми, е воспоставен спој меѓу дисциплините коишто нудат стручни и специјализирани знаења.

Во тој контекст, при креирањето и реализацијата на студиските програми, исто така е водено сметка за потребите на пазарот на стручни кадри во државата и неговата апсорпциска моќ.

Концептот на вториот циклус на студии недвосмислено упатува на тоа дека АУЕ-ФОН Универзитетот континуирано ги следи промените во општествено-економскиот систем и севкупниот амбиент во земјата, давајќи на тој начин значаен придонес во процесите на трансформација и раст на македонската економија.

Студиските програми на прв циклус имаат за цел на студентите да им овозможи континуирано продлабочување на знаењата стекнати на додипломските студии од областа на финансиите, маркетингот и менаџментот, со што ќе им се овозможи, во пракса, да станат комплетни експерти од соодветната област. Оваа студиска програма е дизајнирана на начин што обезбедува опфатеност на специфичните аспекти на економската наука во различни сектори, како и поттикнување иницијативност за научноистражувачки активности.

Целта на студиските програми на втор циклус е дизајнирана да оспособува кадар од повисоки стручни, академски и научни степени, на посебно ниво на професионален научен и наставен квалитет, со развивање и апликација на светски и европски стандарди на стекнување, креирање и дисеминација на знаења.

Во реализацијата на студиската програма – можеме слободно да истакнеме дека планираните обврски на наставниот и асистентскиот кадар се исполнети во целост. Курсевите завршија во предвидените термини, а и целата академска година траеше во предвиденото време.

Исто така постои рамнотежа во поглед на планираните и реализираните студентски активности (вежби, семинарски работи, задачи). Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот.

Системот за оценување е според ЕКТС – испитот се полага преку два колоквиуми, а се оценуваат и присутноста, активноста и изработените семинарски задачи. Колоквиумите беа спроведени во предвидените колоквиумски недели согласно глобалниот распоред на академската година. Колоквиумите и испитите се спроведуваат писмено и усно.

Во текот на 2023 година бројот на дипломирани студенти на прв и втор циклус е како што следува во табелата 4.

Табела 4. Дипломирани студенти на Факултетот за економски науки во 2023 година

| | I циклус<br>дипломирани | специјалисти | магистри |
|---|---|---|---|
| 2023 година | 34 | 24 | 14 |

## 4.2. ФОРМИ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И МЕТОДИ НА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

Во реализацијата на наставно-образовниот процес на Факултетот може да се констатира дека доминантна форма на настава имаат предавањата екс катедра, коишто партиципираат со над 60% во вкупниот наставно образовен процес. Интерактивната настава учестувува со околу 20%, додека останатите форми на настава учествуваат со многу мал процент, односно практична настава 10% и менторска настава посебно при изработката на семинари, проекти и консултации околу 10%.

Анализата на потребите за реализација на наставата укажуваа дека промените треба да се остваруваат во насока на намалување на учеството на предавањата екс катедра и зголемување на останатите форми на настава, а особено во интерактивната настава.

При реализацијата на наставно-образовниот процес Факултетот користи компјутерска технологија и соодветни наставни помагала, меѓутоа тие се во значително помал обем во однос на потребите и само за определени предмети.

Методите за проверка на знаењата главно се преку писмени или усни испити, со исклучок се изведуваат писмено и усно. Во овој контекст може да се каже дека студентите најголем дел од испитите ги полагаат преку колоквиуми во процесот на континуирана проверка на знаењата.

Врз основа на истиот може да се констатира дека се постигнати особено поволни резултати, односно е евидентиран релативно висок процент на положени кандидати, и тоа за најголем дел од стручните дисциплини и за поголем дел од општообразовните и основните дисциплини.

## 5. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Активностите на ФЕН во рамките на АУЕ-ФОН Универзитетот се насочени и во следење на модерните европски и светски трендови кои подразбираат отвореност во комуникацијата, создавање простор за меѓународна мобилност на студентите, мобилност на наставничкиот и соработничкиот кадар преку размена во рамките на високообразовните институции, размена на студиски програми, учество во меѓународни проекти финансирани од ЕУ, организирање на заеднички симпозиуми, советувања и слични активности со други високообразовни институции како од државата, така и од Европа и пошироко. Во таа насока, АУЕ-ФОН Универзитетот има склучено договори за соработка со низа реномирани универзитети, факултети и институти од земјата и од странство, а покрај склучените договори, во тек се преговори за воспоставување на соработка и со други домашни и странски високообразовни установи. АУЕ-ФОН Универзитетот е член на Алијансата на универзитети на Централна и Источна Европа.

Во рамките на оваа соработка се преземаат различни активности, како што се: размена на професори и студенти, студиски престои, размена на литература, организација и заедничко учество на научни собири и слично. Во изминатиот период АУЕ-ФОН Универзитетот реализирал повеќе активности во соработка со стопанските субјекти.

Наставниците и соработниците на Факултетот партиципираат во проекти, меѓународни собири, конференции, одбори на списанија и стручни организации. Активностите на научен, стручен и апликативен план во придонесуваат и се од огромно значење за усовршување и унапредување на дејноста на Факултетот и неговата афирмација, а во контекст на остварување на целите и задачите на оваа институција.

Координацијата и имплементацијата на повеќе активности од тековен и развоен карактер, што се остварува во соработка со невладините институции и организации, е присутна, но е во помал обем. Факултетот се грижи за што поинтензивна студентска размена вградувајќи ја како една од клаузулите во договорите за соработка, но може да се забележи дека до сега не е реализирана размена на студенти во земјава или странство.

Факултетот постојано ја доградува институционалната форма за организирана и перманентна комуникација со идните дипломираните студенти преку Центарот за развој и

кариера кој фунционира во рамките на Универзитетот. Ова е неопходно, заради натамошна изградба на систем за континуирано образование на дипломираните студенти.

Со оглед на специфичните услови во коишто работат стопанските субјекти: изгубените пазари, неликвидноста, превработеноста, трансформациските процеси; приватизирањето на капиталот, организациско-техничките проблеми и сл., работодавците потешко се решаваат за контакти со универзитетите. Ова особено е потенцирано во малите претпријатија, каде што и кадровскиот потенцијал е лимитиран, но и оптоварен со низа тековни проблеми.

## 6. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

### 6.1. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И ПОКРИЕНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ СО УЧЕБНИЦИ И УЧЕБНИ ПОМАГАЛА

Публикациите коишто ги напишале наставниците и соработниците на Факултетот претежно се од областа на економијата, финансиите, маркетингот, менаџментот, меѓународната економија и други области. Публикациите претставуваат посебен придонес во развојот на економската наука и нејзиното популаризирање.

Во оваа студиска година Факултетот нема објавено нови или изменети и дополнети изданија на учебници. Присутни се проблеми главно од материјално-финансиска природа. И покрај сите проблеми, сепак, ентузијазмот за пишување и издавање е присутен и перспективно се очекува да резултира со објавување на поголем број книги и учебници.

### 6.2. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, НАУЧНИ СОБИРИ И СЕМИНАРИ

Во текот на академската 2023/2024 година бројот на учества на наставен и соработнички кадар на конференции, семинари и други научни собири со свои трудови е на задоволително ниво.

### 6.3. ОРГАНИЗИРАНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ СОБИРИ

Факултетот за економски науки досега не организирал меѓународни научни симпозиуми или конференции, но во рамките на АУЕ-ФОН се организирани неколку научни и стручни дебати на актуелни теми.

Фалултетот за економски науки во континуитет организира гостински предавања на истакнати стручњаци од практиката со што придонесува за зголемување на спектарот на знаења кои ги добиваат студентите но и за зајакнување на врската помеѓу стопанството и образовните институции.

## ЗАКЛУЧОК

Редовниот годишен извештај за работата на деканот на факултетот како законска обврска за сите високообразовни институции, е добра можност и за анализа на состојбите и процесите на Факултетот за економски науки. Направената анализа овозможи согледување на добрите и слабите страни, односно тешкотиите во работењето на институцијата, од интерен и/или екстерен карактер, од една страна, и можностите за надминување на проблемите и динамизирање на развојот, од друга страна.

Од аспект на организацијата на работата на факултетот и внатрешната комуникација на деканот со ННС и поединечно со професорите и соработниците можеме да истакне дека е остварена потребната па дури и солидна комуникација, така што учебна година што е предмет на анализа има постигнато забележителни резултати во сите сегменти на нејзиното функционирање.

Со реализацијата на студиската програми сите планираните обврски на наставниот и асистентскиот кадар се исполнети во целост, така што наставно-образовниот процес заврши според годишниот план за работа.

Имајќи ги предвид добиените сознанија, и ставајќи ги во контекст на реалните состојби и можности за нивна позитивна промена, ги препорачуваме следниве корективни мерки:

- Зголемување на бројот на професорски кадар на факултетот согласно потребите на наставните програми;
- Зголемување на бројот на соработници, согласно потребите на наставните програми;
- Поинтензивно и почесто иновирање на предметните програми, согласно потребите со новите научни сознанија во областа на економијата и со идентификуваните и антиципираните потреби на стопанството за определени видови знаења;
- Припрема и спроведување на организирана и континуирана соработка со стопанството во едукативната и истражувачката сфера;
- Перманентно квалитативно подобрување на постојниот наставнички и соработнички кадар, соодветно на потребите;

- Постојано подобрување на квалитетот и ефикасноста во студирањето што ќе овозможи зголемување перформансите на факултетот и АУЕ-ФОН Универзитетот;
- Зголемување на улогата на студентите во целокупниот наставно-образовен процес, преку зголемена креативност, одговорност и редовност на студентите во следењето на наставата и примената на современи методи на настава, што подразбираат активна и креативна улога на студентот;
- Воведување на систем за подобро организирање, проширување, следење и интензивирање на научно-истражувачките активности на Факултетот и соработката со стопанството; и
- Проширување на надворешната образовна и истражувачка соработка на Факултетот, преку воспоставување потесни врски на Факултетот со високообразовните институции со коишто има склучено договори за соработка.